## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ЗА УПОТРЕБА И ПРИМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ДАНОЧНИТЕ СТИМУЛАЦИИ НА ПРИМЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД АВТОРОТ Д-Р ИЛИЈА ГРУЕВСКИ

Во повеќе наврати е спомнато дека јавните финансии и фискалната политика добиваат сè поголема улога и значење, како од аспект на стабилизацијата на финансиските и економските текови, така и од аспект на обезбедувањето на стабилен и долгорочен економски раст. Како една од фундаменталните цели на даночната политика, сè повеќе се наметнуваат промоцијата и забрзувањето на економскиот развој како најдобар пат за стабилизација и надминување на современите економски кризи. Во таа насока, се јавува и прашањето за зголемување на обемот на инвестициите во националните економии, преку зголемување на нивото на штедење и унапредувањето на економската ефикасност. Притоа, фискалните власти располагаат со широка палета на мерки кои преку активирање на разни директни или, пак, индиректни механизми во поголема или, пак, помала мера, овозможуваат реализација на гореопишаната цел.

Конкретно, од широкиот инструментариум на фискални мерки, според странската литаратура, посебно се издвојуваат т.н. даночни стимулации, кои во последно време го добиваат приматот и наклонетоста на носителите на економската политика. Окарактеризирани како современо и модерно решение на даночните власти, овие специфични мерки во исто време содржат и одредена доза на контрадикторност од аспект на нивната ефикасност, парадоксално предизвикувајќи поделеност и скепса кај стручната јавност. Токму заради ова, а пред да се започне процесот на имплементација на овие мерки, се наметнува потребата од развивање на одредени квантитативни модели и методи, со кои ќе се овозможи пореална проценка на можностите кои ги нудат даночните стимулации од аспект на економската ефикасност и поддршката на инвестициите. Последново претставуваше и конкретна причина за остварување на прикажаниот практикум, со кој авторот д-р Илија Груевски го претставува методот на маргиналните ефективни даночни стапки, како потенцијално адекватен метод за проценка на ефектите од даночните инструменти.

Прикажаниот практикум со наслов **„Практикум за употреба и примена на методологија за оценка на ефектите од даночните стимулации на примерот на Република Македонија"** претставува практично и воедно комплементарно надополнување на серијата на теоретските изданија којашто ја реализираше авторот доц. д-р Илија Груевски, во чии рамки, впрочем, се вбројуваа скриптите со наслов „Даночните стимулации како инструмент на фискалната политика" и „Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји". Практичната работа на авторот, всушност, се состои од оценување и евалуација на ефективниот даночен товар кој го генерира системот на директни даноци, како и политиката на даночни стимулации на Република Македонија во периодот од 1995 до 2010 година. Целта на овој практикум е да се изврши практична примена на методологијата на маргинални ефективни даночни стапки (скратено МЕДС) како средство за согледување на ефектите од даночните реформи врз економската ефикасност и можностите за инвестирање. Исто така, целта на практичниот пример е да се направи интерпретација и увид во значењето што го имаат показателите на маргиналните стапки, се разбира, гледано од аспект на економската анализа. Во таа насока е употребен и адаптиран методот на авторите Кинг и Фулертон како еден од најфундаменталните и најексплицитните методи на маргиналната анализа на даночниот товар на инвестициите.

Образложената материја во практикумот на д-р Илија Груевски кој носи наслов „Практикум за употреба и примена на методологија за оценка на ефектите од даночните стимулации на примерот на Република Македонија" е систематизирана и презентирана во 10 (десет) точки. Бројот на точките, начинот на структурирање и распоредот на стручната материјата во рамки на овој практикум, укажуваат на поволноста дека истиот, освен како

дополнителен прирачник, може да се искористи и како основен материјал за реализирање на вежбите по кој било предмет од областа на јавните финансии и фискалната економија. Значи, освен за студентите на прв циклус, практикумот нуди можност и за студентите од втор циклус, кои презентираната методологија можат да ја вклопат како евентуална методолошка рамка за потребите на научноистражувачките трудови.

Во продолжение следи содржината и краткото образложение на материјата, односно текстот во овој практикум кој е распореден на 72 страници:

*Цел и намена на презентираниот практикум;*
*1. Методологија на маргинални ефективни даночни стапки (МЕДС);*
*1.1. Вредност на МЕДС и ефектот врз инвестициите;*
*2. Евалуација на елементите на даночниот систем на РМ;*
*3. Видови и карактеристики на даночни стимулации во РМ согласно применетата методологија;*
*3.1. Системот на амортизација на основните средства во РМ;*
*3.2. Даночни олеснувања со кои се намалува даночната основа (expenditure-based tax incentives);*
*3.3. Олеснувања со кои се намалува даночната обврска или обврската за плаќање данок (profit-based tax incentives);*
*4. Дистрибуција и структура на даночните стимулации во РМ;*
*5. Барана стапка на принос на штедачите и трошокот на капиталот во РМ;*
*6. Дистрибуција на стандардните ослободувања за амортизација;*
*7. Економската амортизација на средствата во РМ;*
*8. Маргиналниот ефективен даночен товар на инвестициите во Република Македонија;*
*8.1. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите според одделните извори на финансирање во РМ;*
*8.2. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите според групите на основните средства;*
*8.3. Маргинални ефективни даночни стапки на инвестициите со просечна барана стапка на принос;*
*9. Компаративна анализа на маргиналните ефективни даночни стапки на инвестициите во РМ со други земји;*
*10. Резиме на резултатите од применетата методологија во конкретниов практикум;*
*БИБЛИОГРАФИЈА.*

Најпрвин како предуслов се наметнува потребата за доследно прикажување и објаснување на сите неопходни елементи и аспекти на употребената методологија на маргинални даночни стапки. На тој начин, читателот има можност да се запознае со можните вредности на показателите, како и со одделните значења кои истите ги имаат. Всушност, последново претставува и императив од аспект на интерпретацијата и разбирањето на ефектите кои ги создаваат даночните реформи врз обемот на реалните инвестиции во одредена економија. Понатаму, направена е хронолошка евалуција на елементите на даночниот систем и системот на даночни стимулации кои се од непосредно значење за пресметката на маргиналните даночни стапки. Потоа, врз основа на евалуацијата на параметрите на даночниот систем, како и врз основа на хронолошкиот распоред на даночните стимулации, е извршена проценка на нивната структура и дистрибуција. По оваа точка, следува пресметката на бараната стапка на принос на штедачите и трошокот на различните форми на капитал во РМ. Следен чекор претставува распределбата, односно дистрибуцијата на стандардните ослободувања за амортизација, како и пресметката на вредностите на економската амортизација на средствата во РМ. По овој чекор, конечно се пристапува кон калкулација на маргиналните ефективни даночни стапки на инвестициите во Македонија и тоа, според одделните извори на финансирање, како и според одделните групи на основни средства, а дополнително е дадена и пресметката на маргиналните стапки на вкупните инвестиции со просечна барана стапка на принос. На крајот, со цел

да се заокружи целиот опфат на маргиналната анализа, презентирана е и компаративна споредба на маргиналните стапки помеѓу Македонија и некои други земји, како и резимето на резултатите од применетата методологија.

Методолошката рамка ги опфаќа стандардните научноистражувачки методи на економската наука кои можат успешно да се искористат за презентација на резултатите од пресметките во практикумот. Од многубројната палета на овие методи, како најкористени, соодветно на карактерот на обработуваната тема и проблематиката со која се занимава практиумот ќе се издвојат: квантитативно-квалитативниот метод, аналитичко-дедуктивниот метод, историско-емпирискиот метод, наративно-дескриптивниот метод, како и компаративниот метод. Од математичко-статистичките методи заслужува да се истакне методот на маргиналните ефективни даночни стапки според концептот на авторите Кинг и Фулертон. Иако органски припаѓа на математичко-статистичките методи, оваа методологија ја набројуваме како посебна, бидејќи претставува основна или суштинска алатка без која проценката на ефектите од даночните мерки врз инвестициите во домашната економија не би била воопшто возможна.

На крајот од скриптата е наведена и користената *библиографија*, која брои прилично обемна литература со околу 300 библиографски единици, при што поголемиот дел е во вид на современа стручна литература и студии на меѓународните организации.

Исто така, а согласно со законските норми потврдуваме дека изработениот труд не претствува плагијат, со оглед на оригиналноста на материјата која е предмет на обработка.

Поради ова, слободно може да се констатира дека се работи за солидно изработен труд, кој изобилува со доста квалитетна научна содржина. Имајќи го сето ова предвид, задоволство ни е да предложиме практикумот со наслов **„Практикум за употреба и примена на методологија за оценка на ефектите од даночните стимулации на примерот на Република Македонија”** од д-р Илија Груевски да биде објавена и издадена во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и со тоа да стане достапна форма на литература, како на студентите, така и на поширокиата научна и стручна јавност во РМ.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Оливера Горгиева – Трајковска, с.р.**
**Доц. д-р Стеван Габер, с.р.**